3.В.Д. Директор ги врши работите до именувањето на Директор, но не подолго од 6 (шест) месеци од денот на негово именување.

4.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола„.

### Образложение

Поради обезбедување на континуитет во Средното општинско земјоделско училиште „Кузман Шапкарев„ Битола, имајки го во предвид фактот што мандатот на ВД директорот е завршен согласно член 93 -в од Законот за средно образование, Градоначалникот именува В.Д. Директор.

Од горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Примерок од Решението да се достави до архивата на Средното општинско земјоделско училиште „Кузман Шапкарев„ Битола, до архивата на општинската администрација и избраниот В.Д. Директор .

**Бр. 08- 470/2**
**10.06.2019 година**
**Битола**

**ОПШТИНА БИТОЛА**
**Градоначалник**
**м-р Наташа Петровска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА БИТОЛА

Врз основа на член 50 став (1) точка 12 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија", бр. 5/02), член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија„ бр. 27/2014, 199/2014 , 27/2016 , 35/2018 , 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија„ бр. 143/2019) и член 54 од Статутот на општината Битола („Службен гласник на Општината Битола „ бр. 10/05) Градоначалникот на Општината Битола, донесе

**П Р А В И Л Н И К**

**за изменување и дополнувања на Правилникот за систематизација на работните места на Општинската администрација во Општината Битола**

**Член 1**

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Општинската администрација во Општината Битола бр. 01-02 од 03.09.2015 година ,

Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Општинската администрација во Општината Битола 01/1 од 09.08.2016 година ,

Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Општинската администрација во Општината Битола бр. 01-01/1 од 10.05.2017 година ,

Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Општинската администрација во Општината Битола бр.01-01/1 од 26.04.2018 година

Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Општинската администрација во Општината Битола бр. 01-02/1 од 03.08.2018 година и

Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Општинската администрација во Општината Битола бр. 01-03/1 од 30.10.2018 година

и тоа:

во глава III „Опис на работните места во Општина Битола„ во Секторот за спроведување на урбанистички планови , урбанистичко планирање , заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежното земјиште, Одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина работно место со реден број 72 Советник заштита на животната средина и природата во делот број на извршители бројот „2„ се заменува со бројот „1„

**Член 2**

Во глава III „Опис на работните места во Општина Битола„ во Секторот за спроведување на урбанистички планови , урбанистичко планирање , заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежното земјиште, одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина работно место со реден број 73 Советник урбанистички планер во делот број на извршители бројот „1„ се заменува со бројот „2„

**Член 3**

Во глава III „Опис на работните места во Општина Битола„ во Секторот за спроведување на урбанистички планови , урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежното земјиште, Одделение за комунални дејности и уредување на градежно земјиште работно место со реден број 86 „Виш референт издавање на решенија-уверенија од комуналната сфера „ се брише.

**Член 4**

Во глава III „Опис на работните места во Општина Битола„ во Секторот за економски развој , јавни дејности и информатичка технологија, Одделение за економски развој после работното место со ред број 92-а Соработник - Поддршка на занаетчиството, угостителство и туризмот , малите и средни претпријатија се додава ново работно место 92-б кое гласи:

| | |
|---|---|
| 4.Секторот за економски развој , јавни дејности и информатичка технологија | |
| 4.1 Одделение за економски развој | |
| **Реден број** | 92-б |
| **Шифра** | УПР 0101В03000 |
| **Ниво** | В3 |
| **Звање** | Соработник |
| **Назив на работно место** | Соработник за водење на евиденција на проекти финансирани од ЕУ, фондови , агенции и друг вид грантови |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководител на одделение |
| **Вид на образование** | Економски науки или математика |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Ефикасно , ефективно и навремено извршување на рутински работи под надзор и контрола на раководителот на одделение во насока на водење на евиденција и соодветен регистар на проекти финансирани од ЕУ, фондови, агенции и друг вид грантови, со цел обезбедување на точни податоци за пристигнати , доделени и реализирани средства од проекти од ЕУ |
| **Работни задачи и обврски** | -ги следи и применува прописите од областа на локалната самоуправа, локалниот економски развој, угостителството, туризмот, занаетчиството и малото стопанство;<br>- води евиденција – регистар на пристигнати , доделени проекти финансирани од ЕУ, фондови, агенции и друг видови на грантови,<br><br>- води евиденција на потрошени финансиски средства од доделени проекти финансирани од ЕУ, фондови, агенции и друг видови на грантови,<br><br>- учествува во пресметките за подготвување на апликации за користење на средства од агенции, фондови и друг вид на грантови,<br><br>- учествува во пресметките за подготвување на апликации за користење на средства од Европска банка и Светска банка,<br><br>- учествува во дополнителна пресметката на дадени позиции во |

| | |
|---|---|
| | предмер пресметките на проектите- архитектура и електротехничките проекти,<br>- учествува во дополнителна пресметката на дадените позиции во предмер пресметките на проектите за градежно конструктивни и проекти водовод и канализација,<br><br>-учествува врз основа на водената евиденција на добиените проекти во подготовка на анализи , информации, извештаи од областа на занаетчиството, угостителството, туризмот, малите и средни претпријатија;<br><br>-остварува контакти и соработува со претставниците на деловниот сектор и ги следи иницијативите за градење на партнерства;<br><br>-прибира информации и податоци и помага во подготовката на материјали и документи од надлежност на одделението. |

**Член 5**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добивањето на писмена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

**Бр.01-01/1**
31.07.2019.
Битола

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
на Општината Битола
м-р Наташа Петровска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.5/2002), член 24а од Закон за јавните претпријатија (,,Службен весник на Република Македонија,, бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015 , 39/2016, 64/2018 и 35/2019), Градоначалникот на Општина Битола, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за разрешување на вршител на должноста
директор на јавно претпријатие за
стопанисување со индустриска зона Жабени Битола

1.Се разрешува **Александар Марковски** од функцијата вршител на должноста директор на јавно претпријатие за стопанисување со индустриска зона Жабени Битола поради завршување на мандатот заклучно со 20.08.2019 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општината Битола,,.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 50 од Законот за локална самоуправа , член 24 а, од Законот за јавните претпријатија , а по истекот на мандатот на ВД Директор на јавно претпријатие за стопанисување со индустриска зона Жабени Битола се одлучи како во диспозитивот на решението.

Примерок од решението да се достави на разрешениот ВД Директор, архивата на Општината Битола и архивата на ЈП.

Бр. 08- 678/1
19.08.2019
Битола

Градоначалник
на Општината Битола
м-р Наташа Петровска

*Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), член 24а од Закон за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија„ бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015, 39/2016 , 64/2018 и 35/2019), Градоначалникот на Општина Битола, а по донесувањето на Решението за разрешување на ВД Директор на јавно претпријатие за стопанисување со индустриска зона Жабени Битола донесе*

***Р Е Ш Е Н И Е***

*за именување вршител на должноста директор на јавно претпријатие за стопанисување со индустриска зона Жабени Битола*

*1.За вршител на должноста директор на јавно претпријатие за стопанисување со индустриска зона Жабени Битола* ***се именува Александар Марковски ВСС Дипломиран менаџер по царина и шпедиција*** *од Битола, сметано од 21.08.2019 година.*

*2. ВД Директор се именува за време додека се изврши избор на Директор на ЈП, но не подолго од 6 месеци.*

*3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„.*

*О б р а з л о ж е н и е*

*Согласно член 50 од Законот за локална самоуправа , член 24 а, од Законот за јавните претпријатија , а заради обезбедување на континуитет и непреченост во работата на Јавното претпријатие по донесувањето на Решението за разрешување на ВД Директор на јавно претпријатие за стопанисување со индустриска зона Жабени Битола, Градоначалникот на општината именува ВД Директор во јавното претпријатие.*

*Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на Решението.*

*Примерок од решението да се достави на именованиот ВД Директор, архивата на Општината Битола и архивата на ЈП.*

*Бр. 08-678/2*
*19.08.2019*
*Битола*

*Градоначалник*
*на Општината Битола*
*м-р Наташа Петровска*

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ „ 5/02), член 34 и член 38 од Законот за култура („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/1998; 49/2003; 82/2005; 24/2007; 116/2010; 47/2011; 51/2011; 136/2012; 23/2013; 187/2013; 44/2014; 61/2015; 154/2015 , 39/2016, 18/2018,) Градоначалникот на Општината Битола донесе

РЕШЕНИЕ
за разрешување на ВД Директор на Општинска јавна установа
„Зоолошка градина„ Битола

1. Лидија Ангеловска ВД Директор на ОЈУ „Зоолошка градина „ Битола се разрешува од функцијата ВД Директор заклучно со 20.08.2019 година поради истек на мандат.

2. Се задолжува разрешениот ВД Директор со именованиот ВД Директор да извршат примопредавање на функцијата согласно закон.

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„

**Образложение**

Со Решение за именување на ВД Директор на Општинска јавна установа „Зоолошка градина„ Битола бр. 08-197/2 од 20.02.2019 година Лидија Ангеловска е именувана за ВД Директор на установата.
Имајки го во предвид фактот што мандатот на ВД Директорот истече се одлучи како во диспозитивот.

Бр. 08-616/2
20.08.2019.
Битола

Градоначалник
на Општина Битола
м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ „ 5/02) и член 34 и член 38 од Законот за култура („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/1998; 49/2003; 82/2005; 24/2007; 116/2010; 47/2011; 51/2011; 136/2012; 23/2013; 187/2013; 44/2014; 61/2015; 154/2015 , 39/2016, 11/2018.) Градоначалникот на Општината Битола донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за именување на ВД Директор на Општинска јавна установа „Зоолошка градина„ Битола

1. За ВД Директор на ОЈУ „Зоолошка градина „ Битола се именува Марјан Наловски од Битола вработена во јавната установа.
Функцијата ВД Директор ја превзема од 21.08.2019 година.

2.Мандатот на ВД Директор е во траење до избор на Директор на установата но не повеке од од 6 месеци.

3. Се задолжува именованиот ВД Директор со разрешениот ВД Директор да извршат примопредавање на функцијата согласно закон.

4. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„.

**О б р а з л о ж е н и е**

Со разрешување на постојниот ВД Директорот на установата, настанаа услови за примена на член 34 од Законот за култура по кој член Градоначалникот на општината обезбедувајки континуитет во работата на установата именува ВД Директор во јавната установа од редот на вработените.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот.

Бр. 08-616/3
20.08.2019.
Битола

Градоначалник
на Општина Битола
м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), и член 91 став 1 , член 93 став 1 точка 1, од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015 ,145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017,64/18) Градоначалникот на Општина Битола , донесе

# РЕШЕНИЕ

**за разрешување на Директор на Средно општинско училиште „Таки Даскало„ " Битола**

1. **м-р Елизабета Наумовска** Директор на СОУ „Таки Даскало„ Битола **се разрешува** од функцијата Директор заклучно со 01.09.2019 година поради именување на функција.

2.Се задолжува В.Д. Директорот со разрешениот Директор во рок од 3 (три) дена да извршат примопредавање на правата и должностите, а во согласност со позитивните законски прописи.

3.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола„.

**Образложение**

Со Решение за именување на Директор на Средното општинско училиште „Таки Даскало„ Битола, бр.08- 695/4-2018 од 03.01.2019 година, за Директор е избран Елизабета Наумовска.

Имајки го во предвид фактот што Директорот на средното општинско училиште од страна на Собранието на Република Северна Македонија е именуван за Заменик на Министерот кој раководи со Министерството за образование и наука се одлучи како во диспозитивот на решението.

Примерок од Решението да се достави до архивата на Средното општинско училиште „Таки Даскало„ Битола, до архивата на општинската администрација и еден примерок на разрешениот Директор .

**Бр. 08-725/1**
**02.09.2019 г.**
**Битола**

**Градоначалник**
**на Општина Битола**
**м-р Наташа Петровска**

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), и член 93 в, од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015 ,145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017, 64/18) Градоначалникот на Општина Битола , донесе

# РЕШЕНИЕ

## за именување на ВД Директор на Средно општинско училиште „Таки Даскало„ Битола

1.За ВД Директор на СОУ „Таки Даскало„ Битола **СЕ ИМЕНУВА**
**Владо Ѓорѓиевски**, ВСС Филозовски факултет вработен во училиштето.

2.Функцијата В.Д. Директор ја превзема од 02.09.2019 година.

3.В.Д. Директор ги врши работите до именувањето на нов Директор, но не подолго од 6 (шест) месеци од денот на негово именување.

4.Се задолжува В.Д. Директорот со разрешениот Директор во рок од 3 (три) дена да извршат примопредавање на правата и должностите, а во согласност со позитивните законски прописи.

5.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола„.

**Образложение**

Поради обезбедување на континуитет во Средното општинско училиште „Таки Даскало„ Битола, имајќи го во предвид фактот што Директорот на училиштето е разрешен, согласно член 93 -в од Законот за средно образование, Градоначалникот именува В.Д. Директор.

Од горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Примерок од Решението да се достави до архивата на Средното општинско училиште „Таки Даскало„ Битола, до архивата на општинската администрација и избраниот В.Д. Директор.

**Бр. 08-725/2**
**02.09.2019 година**
**Битола**

**ОПШТИНА БИТОЛА**
**Градоначалник**
**м-р Наташа Петровска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА БИТОЛА *

*Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.5/2002), член 24а од Закон за јавните претпријатија (,,Службен весник на Република Македонија,, бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015 , 39/2016, 64/2018 и 35/2019), Градоначалникот на Општина Битола, донесе*

## ***Р Е Ш Е Н И Е***
***за разрешување на вршител на должноста директор на ЈП за урбанистичко планирање, проектирање и инженеринг Битола***

*1.Се разрешува* ***Марија Божиновска*** *од функцијата вршител на должноста директор на ЈП за урбанистичко планирање, проектирање и инженеринг Битола поради завршување на мандатот заклучно со 06.09.2019. година.*

*2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општината Битола,,.*

*О б р а з л о ж е н и е*

*Согласно член 50 од Законот за локална самоуправа , член 24 а, од Законот за јавните претпријатија , а по истекот на мандатот на ВД Директор на ЈП за урбанистичко планирање, проектирање и инженеринг Битола се одлучи како во диспозитивот на решението.*

*Примерок од решението да се достави на разрешениот ВД Директор, архивата на Општината Битола и архивата на ЈП.*

*Бр. 08-754/1*
*06.09.2019*
*Битола*

*Градоначалник*
*на Општината Битола*
*м-р Наташа Петровска*

*Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), член 24а од Закон за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија„ бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015, 39/2016 , 64/2018 и 35/2019), Градоначалникот на Општина Битола, а по донесувањето на Решението за разрешување на ВД Директор на ЈП за урбанистичко планирање, проектирање и инженеринг Битола донесе*

## *РЕШЕНИЕ*
*за именување вршител на должноста директор на ЈП за урбанистичко планирање, проектирање и инженеринг Битола*

*1.За вршител на должноста директор на ЈП за урбанистичко планирање, проектирање и инженеринг Битола* ***се именува Марија Божиновска ВСС Дипломиран инженер архитект*** *од Битола, сметано од 07.09.2019 година.*

*2. ВД Директор се именува за време додека се изврши избор на Директор на ЈП, но не подолго од 6 месеци.*

*3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„.*

*Образложение*

*Согласно член 50 од Законот за локална самоуправа , член 24 а, од Законот за јавните претпријатија , а заради обезбедување на континуитет и непреченост во работата на Јавното претпријатие по донесувањето на Решението за разрешување на ВД Директор на ЈП за урбанистичко планирање, проектирање и инженеринг Битола Градоначалникот на општината именува ВД Директор во јавното претпријатие.*

*Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на Решението.*

*Примерок од решението да се достави на именованиот ВД Директор, архивата на Општината Битола и архивата на ЈП.*

*Бр. 08- 754/2*
*06.09.2019*
*Битола*

*Градоначалник*
*на Општината Битола*
*м-р Наташа Петровска*

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), член 24а од Закон за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија„ бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015 , 39/2016, 64/2018 и 35/2019), Градоначалникот на Општина Битола, донесе

## РЕШЕНИЕ
### за разрешување на вршител на должноста директор на ЈП „Водовод„ Битола

1.Се разрешува **Горан Козаров** од функцијата вршител на должноста директор на ЈП „ Водовод„ Битола поради завршување на мандатот заклучно со 13.09.2019. година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„.

### Образложение

Согласно член 50 од Законот за локална самоуправа , член 24 а, од Законот за јавните претпријатија , а по истекот на мандатот на ВД Директор на ЈП „Водовод„ Битола се одлучи како во диспозитивот на решението.

Примерок од решението да се достави на разрешениот ВД Директор, архивата на Општината Битола и архивата на ЈП.

Бр. 08-785/1
13.09.2019
Битола

Градоначалник
на Општината Битола
м-р Наташа Петровска

*Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), член 24а од Закон за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија„ бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015 , 39/2016, 64/2018 и 35/2019 ), Градоначалникот на Општина Битола, а по донесувањето на Решението за разрешување на ВД Директор на јавно претпријатие„Водовод„ Битола донесе*

***РЕШЕНИЕ***

*за именување вршител на должноста директор на ЈП „Водовод„ , Битола*

*1.За вршител на должноста директор на ЈП „Водовод„ Битола* ***се именува Горан Козаров м-р по индустриски менаџмент*** *од Битола, сметано од 14.09.2019.*

*2. ВД Директор се именува за време додека се изврши избор на Директор на ЈП, но не подолго од 6 месеци.*

*3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„.*

*Образложение*

*Согласно член 50 од Законот за локална самоуправа , член 24 а, од Законот за јавните претпријатија , а заради обезбедување на континуитет и непреченост во работата на Јавното претпријатие по донесувањето на Решението за разрешување на ВД Директор на ЈП „Водовод„ Битола, Градоначалникот на општината именува ВД Директор во јавното претпријатие.*

*Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на Решението.*

*Примерок од решението да се достави на именованиот ВД Директор, архивата на Општината Битола и архивата на ЈП.*

*Бр. 08-785/2*
*13.09.2019*
*Битола*

*Градоначалник*
*на Општината Битола*
*м-р Наташа Петровска*

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ „ 5/02, и член член 187 од Закон за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/2019 и 146/2019) Градоначалникот на Општината Битола донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување на ВД Директор на Јавната општинска установа Дом за стари лица „Сју Рајдер„ Битола**

1. **Јулијана Котевска** ВД Директор на ЈОУ Дом за стари лица „Сју Рајдер„ Битола се разрешува од функцијата ВД Директор заклучно со 30.09.2019 година, поради завршување на мандат.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„.

**О б р а з л о ж е н и е**

ЈОУ Дом за стари лица „Сју Рајдер„ Битола распиша Јавен оглас за избор на Директор на установата. Градоначалникот со Решение бр. 08-817/2 од 01.10.2019 година, изврши избор на Директор.
Имајки го во предвид фактот што мандатот на ВД директорот трае до изборот на Директор на установата , се одлучи како во диспозитивот на решението.

Бр. 08-817/3
01.10.2019.
Битола

Градоначалник
на Општина Битола
м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија „ бр. 5/02), и член 186 од Закон за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/2019 и 146/2019) Градоначалникот на Општината Битола донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на Директор на Јавната општинска установа**
**Дом за стари лица „Сју Рајдер„ Битола**

1. За Директор на ЈОУ Дом за стари лица „Сју Рајдер„ Битола се избира **Јулијана Котевска** со завршена Висока Медицинска школа од Битола.

2. Мандатот на Директорот трае 4 години.

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„.

**О б р а з л о ж е н и е**

Управниот одбор на ЈОУ Дом за стари лица „Сју Рајдер„ распиша јавен оглас за избор на Директор на установата.

Управниот одбор на ЈОУ ја разгледа пристигнатата документација , констатира дека е пријавен еден кандидат со комплетна документација за што состави Записник бр. 02-170 од 18.09.2019 година и истиот го достави до Градоначалникот на Општината Битола, во прилог со документација.(допис од 18.09.2019 г.). Согласно член 50 од Законот за локална самоуправа Градоначалникот избира Директори на јавни служби кои ги основала општината врз основа на јавен конкурс. Согласно член 186 од Законот за социјална заштита Градоначалникот на Општината го избира Директорот на ЈОУ .

Мандатот на Директорот трае 4 години.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот.

Бр. 08-817/2
01.10.2019.
Битола

Градоначалник
на Општина Битола
м-р Наташа Петровска

# С О Д Р Ж И Н А

О Д Л У К А за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општината Битола за 2019 година ....................... 1

О Д Л У К А за преземање на краткорочни мерки за заштита на животна средина и подобрување на амбиенталниот воздух во општина Битола ...................................................... 2

ПРОГРАМА ЗА Измени и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Битола за 2019 година ............................................................ 3

П Р О Г Р А М А за измени и дополнување на Програмата за користење и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Битола за 2019 година........................... 8

З А К Л У Ч О К за усвојување на Четврта измена и дополнување на Програма за поставување на урбана опрема на јавни површини на подрачјето на Општина Битола ... 10

ПРОГРАМА за измени и дополнување на Програмата за економски развој во Општина Битола за 2019 година.......................................... 10

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на цени на услуги и надоместоци на јавните паркиралишта во Општина Битола .................................................. 14

З А К Л У Ч О К за усвојување на Информација за пожарите на подрачјето на Општина Битола за 2019 година......................... 14

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување на ВД Директор на основно училиште Ѓорги Сугарев“ Битола ................................................... 15

Р Е Ш Е Н И Е за именување ВД Директор на основно училиште „Ѓорги Сугарев“ Битола ...... 16

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување на ВД Директор на Јавната општинска установа Дом за стари лица „Сју Рајдер“ Битола ...................... 17

Р Е Ш Е Н И Е за именување на ВД Директор на Јавната општинска установа Дом за стари лица „Сју Рајдер“ Битола .................................... 18

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување на ВД Директор на основно училиште „Ѓорги Сугарев“ Битола ................................................... 19

Р Е Ш Е Н И Е за именување ВД Директор на основно училиште „Ѓорги Сугарев“ Битола ...... 20

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување на ВД Директор на Средно општинско училиште Гимназија „Јосип Броз Тито“ Битола ................ 21

Р Е Ш Е Н И Е за именување на ВД Директор на Средно општинско училиште Гимназија „Јосип Броз Тито“ Битола ................................... 22

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување на ВД Директор на Општинско средно медицинско училиште „Д-р Јован Калаузи“ Битола ............. 23

Р Е Ш Е Н И Е за именување на ВД Директор на Општинско средно медицинско училиште „Д-р Јован Калаузи“ Битола................................ 24

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување на вршител на должноста директор на ЈП „Пазари“ Битола ..... 25

Р Е Ш Е Н И Е за именување на вршител на должноста директор на ЈП „Пазари“ Битола ..... 26

О Д Л У К А за избор на Директор на Јавното претпријатие за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници во Општина Битола - Битола................ 27

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување на ВД Директор на Средно општинско техничко училиште „Ѓорги Наумов“ Битола..................... 28

Р Е Ш Е Н И Е за именување на ВД Директор на Средно општинско техничко училиште „Ѓорги Наумов“ Битола....................................... 29

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување на ВД Директор на Средно општинско економско училиште „Јане Сандански“ Битола .................. 30

Р Е Ш Е Н И Е за именување на ВД Директор на Средно општинско економско училиште „Јане Сандански“ Битола .................................... 31

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување на ВД Директор на Средно општинско земјоделско училиште „Кузман Шапкарев“ Битола............... 32

Р Е Ш Е Н И Е за именување на ВД Директор на Средно општинско земјоделско училиште „Кузман Шапкарев“ Битола................................ 33

П Р А В И Л Н И К за именување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Општинската администрација во Општината Битола .................................................................. 34

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување на вршител на должноста директор на јавно претпријатие за

стопанисување со индустриска зона Жабени, Битола ........ 37

Р Е Ш Е Н И Е за именување на вршител на должноста директор на јавно претпријатие за стопанисување со индустриска зона Жабени, Битола ........ 38

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување на ВД Директор на Општинска јавна установа „Зоолошка градина“ Битола ........ 39

Р Е Ш Е Н И Е за именување на ВД Директор на Општинска јавна установа „Зоолошка градина“ Битола ........ 40

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување на Директор на Средно општинско училиште „Таки Даскало“ Битола ........ 41

Р Е Ш Е Н И Е за именување на ВД Директор на Средно општинско училиште „Таки Даскало“ Битола ........ 42

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување на вршител на должноста директор на ЈП за урбанистичко планирање, проектирање и инженеринг, Битола ........ 43

Р Е Ш Е Н И Е за именување на вршител на должноста директор на ЈП за урбанистичко планирање, проектирање и инженеринг, Битола ........ 44

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување на вршител на должноста директор на ЈП водовод, Битола ...... 45

Р Е Ш Е Н И Е за именување вршител на должноста директор на ЈП водовод, Битола ...... 46

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување на ВД Директор на Јавната општинска установа Дом за стари лица „Сју Рајдер“, Битола ........ 47

Р Е Ш Е Н И Е за избор на Директор на Јавната општинска установа Дом за стари лица „Сју Рајдер“, Битола ........ 48

ОВАА СТРАНИЦА Е ПРАЗНА

**Издавач: Општина Битола**
**тел. 047 234 234; 047 208 300**

Буџет на Општина Битола
Сметка: 703014002963013 Народна банка на Р.М.
Д.Б. 4002996128471
Приходна Шифра 725211